Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП
В О Е Н А   А К А Д Е М И Ј А

# Б И Л Т Е Н
# НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА
# 74

**27 ноември 2017 година**
**Скопје**

# СОДРЖИНА

**Реферат за избор на наставник** во наставно-стручно звање лектор во научното подрачје: *хуманистички науки*, научно поле: *наука за книжевност*, научна област: *англистика*, при Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје .......... **1461**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ЛЕКТОР ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: *ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ*, НАУЧНО ПОЛЕ: *НАУКА ЗА КНИЖЕВНОСТ*, НАУЧНА ОБЛАСТ: *АНГЛИСТИКА*, ПРИ ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ“ СКОПЈЕ

Со одлука бр. 03-11/105 од 3.10.2017 година донесена на 73-та седница на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, одржана на 30.10.2017 година, формирана е Рецензентска комисија за избор/реизбор на лектор/виш лектор во сите наставно-стручни звања во научното подрачје: *хуманистички науки,* научно поле: *наука за книжевност,* научна област: *англистика* на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје, во следниот состав:

1. проф. д-р Марија Кусевска (претседател), вонреден професор од наставно-научната област *англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

2. проф. д-р Ана Лазарова-Никовска (член), вонреден професор од настав -
но-научната област *англистика*, ФОН Универзитет; и

3. доц. д-р Љубица Кардалеска (член), доцент од наставно-научната област *англистика*, ФОН Универзитет.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха” и на веб страницата на Воената академија на 26.07.2017 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

1. м-р Елена Трајановска, вработена како лектор на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев” Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е до Наставно-научниот совет на Воената академија-Скопје да го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

М-р Елена Трајановска е родена на 27.02.1980 година во Сараево (Босна и Херцеговина). Основно и средно образование завршила во Скопје. Во 2002 година завршила високо образование на Универзитетот „Паисиј Хилендарски“ во Пловдив, Република Бугарија. На истиот Универзитет, во 2004 година завршила постдипломски студии на одделот за јазици и лингвистика, каде што се стекнала со научно звање магистер по лингвистика, англиска филологија.

Кандидатката својот професионален ангажман го започнува во 2005 година како наставник по англиски јазик во Центарот за странски јазици при Армијата на Република Македонија. Паралелно со тоа стручно се усовршува и успешно ги завршува обуките за професор по англиски јазик според: Американската јазична програма (DLI, BAH), Британската јазична програма (Peacekeaping English Project), обука за OPI (oral proficiency interview) тестирање според дескрипторите на STANAG 6001, како и поголем број на обуки за имплементација на STANAG 6001 во Маршал центарот, Гармиш-Партенкирхен, Германија и во Република Македонија. Како резултат на тоа, во периодот од 2010 до 2012 година работи како член на Националниот СТАНАГ 6001 тим во Секторот за човечки ресурси во Министерството за одбрана на Република Македонија. Во периодот од 2012 до 2016 година работно била ангажирана во Регионалниот тренинг центар за комуникации, Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка при Министерството за одбрана на Република Македонија на работно место инструктор за медиа тренинг. Паралелно со тоа, во 2013 година е избрана за наставник по англиски јазик во Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, во наставно-стручното звање лектор, по што започнува и нејзиниот ангажман како надворешен соработник - наставник по англиски јазик на Воената академија во Скопје. Од април 2016 година па наваму е распоредена на работното место лектор во Катедрата за општествени науки во Воената академија, Скопје, каде што редовно се ангажира за реализација на наставата по англиски јазик на сите нивоа на школување, со вкупен фонд од 240 наставни часови годишно.

Во периодот од последниот избор во наставно-стручно звање, покрај наставно-образовната дејност на Воената академија, кандидатката континуирано стручно се надградува во областа во која е избрана, низ следните активности во земјата и во странство:

1. Од 9-11 март 2013 година, го завршува курсот „Медиа тренинг за кризна комуникација“, спроведен од консултантската компанија „Медиаловен“ ангажирана од страна на Министерството за одбрана на Кралството Норвешка во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;
2. Од 13-17 мај 2013 година, учествува на работилница напредно ниво „Проширување на новинарските вештини“, во организација на консултантската компанија „Медиаловен“ ангажирана од страна на Министерството за одбрана на Кралството Норвешка во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;
3. Од 25-26 јуни 2013, завршува курс за работа со E-Prime системот на НАТО, спроведен од страна на Одделението за меѓународна соработка и регионална безбедност од Седиштето на НАТО во Брисел, Белгија во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;
4. Од 14-18 октомври 2013 година, учствува на работилница напредно ниво „Комуникациски стратегии и медиумско планирање“, спроведен од консултантската компанија „Медиаловен“ ангажирана од страна на Министерството за одбрана на Кралството Норвешка во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;

5. Од 7-13 јуни 2014 година, учествува на работилница напредно ниво „Кризна комуникација“ спроведен од консултантската компанија „Медиаловен“ ангажирана од страна на Министерството за одбрана на Кралството Норвешка во Осло, Кралство Норвешка;
6. Од 13-17 октомври 2014 година, успешно ја завршува работилницата „Кризна комуникација (практичен дел)“ последното ниво од циклусот на обуки спроведен од консултантската компанија „Медиаловен“ ангажирана од страна на Министерството за одбрана на Кралството Норвешка во Осло, Кралство Норвешка;
7. Од 14-15 јуни 2016 година, учествувала како претставник на Министерството за одбрана на Република Македонија на завршната конференција за родова еднаквост организирана од UNDP и одржана во Белград, Србија;
8. Од 29 август – 2 септември 2016 година, завршила напредна обука „Тестирање на пишување и зборување“, организирана од страна на Британскиот совет во Скопје;
9. Од 20-29 септември 2016 година, успешно завршила напреден курс за професори по англиски јазик, организиран од Меѓународното биро за јазична соработка – јазично консултативно тело на НАТО, одржан во Маршал Центарот, Гармиш-Партенкирхен, Германија;
10. Од 9-13 јануари 2017 година, завршила напредна обука „Користење на Moodle во образовниот процес“, организирана од страна на Британскиот совет во Скопје;
11. Од 6-10 март 2017 година, успешно завршила напредна обука „Тестирање на слушање и читање“, организирана од страна на Британскиот совет во Скопје;
12. Од 24 април – 12 мај 2017 година, учествувала на „Напреден семинар за јазично тестирање“, организиран од Меѓународното биро за јазична соработка – јазично консултативно тело на НАТО, одржан во Маршал Центарот, Гармиш-Партенкирхен, Германија.

***Наставно-образовна дејност***

М-р Елена Трајановска, до сега квалитетно и одговорно ја реализира наставата од областа: *Англиски јазик 3 и 4 и Англиски јазик со воена теминологија 1 и 2* на првиот циклус на студии, односно на стручното оспособување и усовршување на кандидати за офицери за видот воено воздухопловство и за логистичките специјалности и службите за потребите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија. Успешноста е потврдена и со извонредно високите резултати коишто питомците од завршната година ги постигнуваат на тестирањето со стандардизиран тест според СТАНАГ 6001.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

М-р Елена Трајановска како предавач по покана или како курс директор има организирано и реализирано повеќе предавања и настапи со свои реферати и обуки во земјава и странство, меѓу кои:

1. Од 03-07 март 2014 година, е курс директор и предавач на регионална работилница „Комуникациски вештини и медиа тренинг“ во Регионалниот

центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;

2. Од 19-20 март 2014 година, е претставник на Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија на годишното собирање на НАТО Партнерските центри за едукација и обука во Брисел, Белгија;
3. Од 24-28 март 2014 година, е курс директор и предавач на работилницата „Медиа тренинг“ за подофицери за односи со јавноста во АРМ во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;
4. Од 11 април 2014 година, е предавач и тренер на група студенти од Факултетот за безбедност- Скопје во областа на односите за јавноста во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;
5. Од 22-25 април 2014 година, е курс директор и предавач на работилницата „Медиа тренинг“ наменета за команданти на Армијата на Република Македонија во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;
6. Од 12-17 мај 2014 година, е курс директор и предавач на првиот меѓународен курс „Основен курс за односи со јавноста“ во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;
7. Од 16-20 јуни 2014 година, е член на Мобилниот тренинг тим на Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука за изведување обука „Работа со медиуми“ во склоп на меѓународниот безбедносен проект Летен кампус, во организација на Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје;
8. Од 15-19 септември 2014 година, е курс директор и предавач на меѓународен курс „Основен курс за односи со јавноста“ во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;
9. Од 17-21 ноември 2014 година, е курс директор и предавач на меѓународната активност „Односи со јавноста во меѓународни операции“ во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;
10. Од 16-20 февруари 2015 година, е курс директор и предавач на регионалната работилница „Комуникациски вештини и медиа тренинг – основно ниво“ во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;
11. Од 08-13 март 2015 година, е дел од мобилниот тим на инструктори на Регионалниот центар за односи за јавноста за изведување на обука и предавања за време на меѓународниот курс „Работа со медиуми во операции за поддршка на мирот“ во НАТО центарот за едукација и обука PSOTC, Босна и Херцеговина;
12. Од 23-27 март 2015 година, е курс директор и предавач на меѓународниот „Основен курс за односи со јавноста“ во Регионалниот центар за односи со

јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;

13. од 20-25 април 2015 година, е курс директор и предавач на меѓународниот курс „Основен курс за односи со јавноста“ во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија
14. Од 3-9 јули 2015 година, е член на Мобилниот тренинг тим на Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука за изведување обука „Работа со медиуми“ во склоп на меѓународниот безбедносен проект Летен кампус, во организација на Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје;
15. Од 7-11 септември 2015 година, е предавач на на меѓународниот курс организиран од MPSOTC, НАТО центарот во Килкис, Грција;
16. Од 14-18 септември 2015 година, е курс директор и предавач на меѓународниот курс „Основен курс за односи со јавноста“ во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија;
17. Од 13-16 октомври 2015 година, е курс директор и предавач на курсот „Кризна комуникација“, организиран од Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука;
18. На 21 октомври 2015 година, е претставник на Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија на годишното собирање на НАТО Партнерските центри за едукација и обука во Брисел, Белгија;
17. Од 16-20 ноември 2015 година, е курс директор и предавач на меѓународниот курс „Односи со јавноста во меѓународни операции“ во Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука, Скопје, Република Македонија
18. Од 08-09 декември 2015 година, е учесник на Регионалната конференција за односи со јавноста, во организација на регионалниот центар за односи со јавноста во Скопје;
19. Од 15-19 февруари 2016 година, е курс директор и предавач на регионалната работилница „Комуникациски вештини и медиа тренинг – основно ниво“, организирана од од Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука;
20. Од 22-26 февруари 2016 година, е дел од мобилниот тим на инструктори на Регионалниот центар за односи за јавноста за изведување на обука и предавања за време на меѓународниот курс „Работа со медиуми во операции за поддршка на мирот“ во НАТО центарот за едукација и обука PSOTC, Босна и Херцеговина;
21. Од 14-25 март 2016 година, е предавач на меѓународниот курс „Основен курс за односи со јавноста“, организиран од Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука;
22. Во мај 2016 година, е предавач на меѓународниот курс „Односи со јавноста во меѓународни операции“, организиран од Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука;

23. Од 07-13 јули 2016, е лидер на тимот за изведување обука „Работа со медиуми“ во склоп на меѓународниот безбедносен проект Летен кампус, во организација на Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје;
24. Од 17-28 октомври 2016 година, е предавач на меѓународниот курс „Основен курс за односи со јавноста“,организиран од Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука;
25. На 14 ноември 2016 година, е предавач на меѓународниот курс „Кризна комуникација“,организиран од Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука;
26. Од 12-15 септември 2016 година, е предавач и лидер на синдикат на меѓународниот курс организиран од MPSOTC, НАТО центарот во Кукуш, Грција;
27. Од 13-17 февруари 2017 година, е предавач и лидер на синдикат на меѓународниот курс организиран од MPSOTC, НАТО центарот во Кукуш, Грција;
28. Од 06-07 март 2017 година, е предавач на првиот модул за обука на нови медиа тренери, организиран од Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука и реализиран од консултантска компанија од Кралство Норвешка;
29. Од 06-08 јуни 2017 година, е дел од мобилниот тим на инструктори за обуката „Кризна комуникација“ во седиштето на мултинационалната бригада SEEBRIG, организирана од Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО Партнерски центар за едукација и обука.

Покрај наведеното, од 2005 година наваму кандидатката е судски преведувач од англиски на македонски јазик и обратно и од бугарски на македонски јазик и обратно.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на направениот преглед и евалуација на наставно-научната, наставно-образовната и стручно-апликативната дејност, очигледно е дека кандидатката м-р Елена Трајановска, лектор, во континуитет квалитетно, одговорно и совесно ја извршува високообразовната дејност на Воената академија во Скопје. Истовремено, од последниот избор до сега, кандидатката особено се ангажира во стручно-апликативната дејност на Воената академија, но и надвор од неа. Од прикажаниот опус, се гледа дека кандидатката ги исполнува условите за избор во наставно-научното звање лектор.

Согласно Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје и на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**,** Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Воената академија, да ја избере кандидатката м-р Елена Трајановска во звањето **лектор** за научното подрачје: *хуманистички науки,* научно поле: *наука за книжевност,* научна област: *англистика* при Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**проф. д-р Марија Кусевска, претседател, с.р.**

**проф. д-р Ана Лазарова-Никовска, член, с.р.**

**доц. д-р Љубица Кардалеска, член, с.р.**